**НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА**
**RADIODIFUZIONI NACIONAL**
**NATIONAL BROADCASTING**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDERMARRJE PUBLIKE
RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 02 - 118/4
07.03 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

---

# И З В Е Ш Т А Ј   З А   Р А Б О Т Е Њ Е Т О
# НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА-СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.10 ДО 31.12.2021 ГОДИНА

**Скопје, Март 2022 година**

**СОДРЖИНА**

Страна

ВОВЕД ------------------------------------------------------------------------------------------3
1. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ 01.10-31.12.2021 ГОДИНА------------------------------------------5
2. ПРИХОДИ-------------------------------------------------------------------------------------------5
3. РАСХОДИ ------------------------------------------------------------------------------------------7
4. НЕМАТЕРЈАЛНИ И МАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА-----------------------------------11
5. СОСТОЈБА НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА ------------------------------------------12
6. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈП НРД-Скопје------------------------12
7. СОСТОЈБА НА ОБВРСКИТЕ НА ЈП НРД-Скопје------------------------------14
8. ЗАЛИХИ----------------------------------------------------------------------------------------15
9. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ НА ЈП НРД-Скопје ------------------------15

## ВОВЕД

ЈП Национална радиодифузија-Скопје е јавно претпријатие кое својата работа ја заснова на повеќе законски и подзаконски акти, стратегии, оперативни планови и развојни програми кои се однесуваат на различни сегменти од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги и информатичко комуникациската технологија.

Со новите законски измени објавени на 12 Јули 2019 година во Службен весник бр.143 на Република Северна Македонија, извршени се измени и дополнувања во дејноста на ЈП Национална радиодифузија-Скопје. Дефинираните дејности се:

- пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниотрадиодифузен сервис Македонска радиотелевизија (во натамошниот текст МРТ),согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ;
- ЈП Македонска Радиодуфузија-Скопјез за потребите на МРТ експериментално пренесува и емитува програми и/или програмски сервиси,обезбедува дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, врз основа на одобрена студија од страна на Владата на Република Северна Македонија;
- контрола и мерење на квалитетот и покриеноста на територијата на Република Северна Македонија на програмските сервиси кои ги пренесува и емитува јавното претпријатие;
- обезбедува оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи;
- поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFI интернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа;
- обезбедување на пристапни broadband мрежи и средства во областите каде нема доволен комерцијален интерес за инвестиции за ваков вид на мрежи, со цел операторите истите да ги користат за на крајните корисници да им обезбедат broadband пристап до интернет и други услуги;
- Друштвото може да остварува и дополнителни активности и услуги со надомест, по други радиодифузни мрежи, поврзани со основната дејност, а особено заради целосно и економично користење на техничките и човечките капацитети и остварување на дополнителен приход.

ЈП НРД-Скопје, дејностите за пренос и емитување на програмите и програмските сервиси што ги обезбедува јавниот радиодифузен сервис и за експериментално пренесување и емитување програми и/или програмски сервиси ги врши преку изградба, проектирање, развој, одржување и управување на електронски комуникациски мрежи и средства, наменети за вршење на пренос или емитување на програмите и програмскитесервиси и тоа:

- четири радио мрежи на ултра кратки бранови (ВХФ/ФМ);
- една радио мрежа на средни бранови (СБ);
- ТВ и радиодигиталнимултиплекси;
- мрежа на микро бранови дигитални преносни врски и
- пристап до сателит (up-link) и/или пренос на програмските сервиси на МРТ преку Интернет, врз основа на изготвена студија во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

Студијата за дополнителни услуги за емитување или пренос на програми и/или програмски сервиси на различни видови технолошки платформи, јавното претпријатие ја изготвува во соработка со јавниот радиодифузен сервис.

ЈП Национална Радиодифузија-Скопје дејностите за обезбедување на оптичка инфраструктура и придружни средства за потребите на операторите за нивно агрегациско поврзување со пристапни broadband мрежи, како и поврзување на институциите од јавниот сектор и локациите за бесплатен WiFIинтернет пристап во единиците на локалната самоуправа на Националната оптичка транспортна мрежа, ги извршува преку изградба, развој и управување со Национална транспортна оптичка инфраструктура/мрежа (НТОМ).

ЈП Национална радиодифузија-Скопје е претпријатие, кое се организира така што дејноста за која е основано, да ја врши на начин со кој се обезбедува:

- техничко –технолошко единство во системот;
- ефикасност во работењето и ефикасно и економично располагање и користење на собраните средства;
- заштита и унапредување на добрата од општ интерес;
- квалитетно задоволување на потребите на корисниците на услуги и јавните потреби на граѓаните;

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈП НРД Скопје изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење. Во составувањето на Финансиските извештаи, ЈП НРД Скопје ги применува усвоените Меѓународни стандарди за финансиско известување, односно Меѓународните сметководствени стандарди ( МСФИ / МСС ) и националната законска и подзаконска регулатива за даночни цели.

## 1. ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА-СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.10 - 31.12.2021 ГОДИНА

ЈП НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА Скопје во четвртиот квартал од 2021 година, оствари приходи во вкупен износ од 51.331.313 денари и расходи во вкупен износ од 73.950.797 денари, со што е остварен негативен финансиски резултат во износ од 22.619.484 денари.

| Опис | Остварување 01.10-31.12.2020 | Финансиски план 2021г. | Остварување 01.10-31.12.2021 | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| А.ВКУПНИ ПРИХОДИ | 52.417.650 | 226.460.680 | 51.331.313 | 97,93 | 22.67 |
| Б.ВКУПНИ РАСХОДИ | 56.116.060 | 225.247.360 | 73.950.797 | 131,78 | 32,83 |
| **ФИНАНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | - **3.698.410** | | - **22.619.484** | | |

## 2. ПРИХОДИ

Вкупните приходи во четвртиот квартал од 2021 година, бележат фактурирана реализација во висина од 51.331.313 денари, што е остварување од 22.67 проценти во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, вкупните приходи бележат намалување за 2,07 проценти.

**Оперативните приходи** во анализираниот период се остварени во износ од 4.116.978 денари, што е реализација од 25,35 % во однос на планираните приходи за 2021 година. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, бележат пораст од 18.17 проценти. Истите, учествуваат со 8,02 проценти во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход од наемнини.

Приходите од наемнини, се реализираат по основ закупнина за користење на простор за сместување на опрема, од страна на : трговски радиодифузни друштва, интернет провајдери и други правни лица.

Ставката **останати приходи** има реализација во износ од 47.214.335 денари, или остварување од 22,46 проценти во однос на вкупно планираните приходи за оваа намена. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, бележат намалување за 3.52 проценти. Останатите приходи учествуваат со 91,98 проценти во вкупно остварените приходи, а се однесуваат за остварен приход од:

- приходи од субвенции од Буџетот на РСМ (МИОА) 43.875.000 денари

- приходи од наплатени отпишани побарувања 2.158.284 денари
- приходи врз основа на камати од работењето 1.175.899 денари
- приходи врз основа на позитивни курсни разлики 5.152 денари

Приходите по основ субвенции од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација за финансирање на радиодифузна дејност, во анализираниот период изнесуваат вкупно 43.875.000 денари, што е остварување од 22,40 проценти во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година. Споредени со приходите остварени во истиот период од минатата година, бележат пад за 30,00%. Во вкупно остварените приходи, приходите по основ субвенции од Буџетот на РСМ учествуваат со 85.47 проценти.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ НА ЈП НРД ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.10-31.12.2021 ГОДИНА**

| Опис | Остварени приходи 01.10-31.12.2020 | Планирани приходи за 2021 година | Остварени приходи 01.10-31.12.2021 | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **Оперативни приходи** | **3.483.821** | **16.240.000** | **4.116.978** | **25,35** | **118.17** | **8,02** |
| 74 Приходи од продажба на неповрзани друшта | 3.483.821 | *16.240.000* | 4.116.978 | 25,35 | 118.17 | 8,02 |
| 747- Приходи од наемнини | 3.483.821 | 16.240.000 | 4.116.978 | 25,35 | 118.17 | 8,02 |
| **Останати приходи** | **48.933.829** | **210.220.680** | **47.214.335** | **22,46** | **96,48** | **91,98** |
| 765- Приходи од наплатени отпишани побарувања | - | 13.000.000 | 2.158.284 | 16,60 | - | 4,21 |
| 767-Приходи од субвенции | 48.750.000 | 195.890.680 | 43.875.000 | 22,40 | 90,00 | 85.47 |
| 769-Останати приходи од работењето | 55.624 | 330.000 | - | - | - | - |
| 77-Финансиски приходи | **128.205** | **1.000.000** | **1.181.051** | **118,11** | **921,22** | **2,30** |
| 774-Приходи од камати од работењето | 128.205 | 1.000.000 | 1.175.899 | 117,59 | 917,20 | 2,29 |
| 775 Приходи од позитивни курсни разлики | - | 1.000.000 | 5.152 | - | | 0,01 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **52.417.650** | **226.460.680** | **51.331.313** | **97,93** | **22.67** | **100** |

## 3. РАСХОДИ

Во функција на извршување на севкупните активности на ЈП НРД Скопје, во последниот квартал од 2021 година, се остварени вкупни трошоци и расходи во износ од 73.950.797 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година претставува остварување од 32,83 проценти. Споредени со вкупните расходи остварени во истиот период од 2020 година, бележат пораст од 31,78 проценти .

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ РАСХОДИ ПО ГРУПИ**

| Група | Реализација 01.10-31.12.2020 г. | Финансиски план 2021г. | Реализација 01.10-31.12.2021 г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Трошоци за суровини, матерјал, енергија , рез.делови и ситен инвентар | 15.600.085 | 53.110.680 | 28.882.228 | 54,38 | 185,14 | 39,06 |
| Трошоци за услуги од тековни потреби | 10.645.296 | 38.655.000 | 3.435.928 | 8,89 | 32,28 | 4,65 |
| Плата и надоместоци од плата и останати трошоци на вработените | 19.183.800 | 87.300.000 | 29.708.425 | 34,03 | 154,86 | 40,17 |
| Трошоци за амортизација | 6.786.975 | 27.500.000 | 5.913.457 | 21.5 | 87,13 | 8,00 |
| Останати трошоци од работењето | 3.743.205 | 18.506.680 | 5.573.126 | 30,11 | 148,89 | 7.53 |
| Останати расходи од работењето | 139.818 | 150.000 | 361.711 | 241.14 | 258,51 | 0,49 |
| Финансиски расходи | 16.881 | 25.000 | 75.922 | 303,69 | 449,74 | 0,10 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **56.116.060** | **225.247.360** | **73.950.797** | **32,83** | **131,78** | **100** |

**Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови**, во четвртиот квартал од 2021 година се остварени во вкупен износ од 28.882.228 денари , што е реализација од 54,38% од финансискиот план за 2021 година . Споредени со трошоците остварени во истиот период од 2020 година,бележат пораст од 85,14 проценти.

Трошоците за суровини, материјали, енергија и резервни делови во вкупните расходи учествуваат со 39,06%. Истите , се однесуваат на:

- трошоци за матерјали 248.624 денари;
- трошоци за енергија 28.490.911 денари;
- трошоци за резервни делови и матерјали 78.693 денари;
- трошоци за ситен инвентар и автогуми 64.000 денари.

Во групата трошоци за суровини, материјали, енергија и резервни делови, најголемо учество имаат трошоците за енергија(28.490.911денари), кои учествуваат со 98,64%. Истите, се однесуваат на : трошоци за електрична енергија (24.250.780 денари ), трошоци за гориво за моторни возила (730.272 денари), трошоци за дистрибуција на електрична енергија (2.442.669 денари), трошоци за енергија-нафта (600.882 денари) и трошоци за затоплување на простор (466.308 денари).

**<u>Трошоците за услуги од тековни потреби</u>** во анализираниот период бележат остварување во вкупен износ од 3.435.928 денари, што е реализација од 8,89 проценти од Годишниот финансиски план за 2021 година. Споредено со истиот период од минатата 2020 година , бележат пониско остварување за 67,72 проценти . Истите, опфаќаат 4,65 % од од вкупните расходи на ЈП НРД Скопје.

Трошоците од групата услуги од тековни потреби, кои се остварени во период од 01.10.2021 до 31.12.2021 година се однесуват на :

- транспортни услуги 194.142 денари;
- поштенски и телефонски услуги 645.210 денари;
- услуги на заштита и одржување 1.447.801 денари;
- наемнини 663.391денари;
- комунални услуги 405.965 денари;
- останати услуги 79.419 денари.

**<u>Трошоците за плати, надоместоци од плата и останати трошоци,</u>** во последниот квартал од 2021 година се реализирани во износ од 29.708.425 денари, што во однос на Годишниот финансиски план претставува остварување од 34,03 проценти. Споредени со истиот период од минатата година бележат пораст од 54,86 проценти. Трошоците за плата во вкупните расходи учествуваат со 40,17%.

Вкупно остварените трошоци за плати и надоместоци од плата се однесуваат на: бруто плати основна плата, даноци, придонеси, минат труд, празнична работа, ноќна работа, годишен одмор, боледување, платено отсуство, отпремнини и други лични примања .

По основ трошоци за плати, надоместоци од плата и останати трошоци пресметани се следниве трошоци: плата и надоместоци од плата-бруто во висина од 26.658.847 денари и останати трошоци за вработените во износ од 3.049.578 денари.

Платите на вработените во анализираниот период, се пресметувани согласно Закон, Колективниот договор и нормативните акти на претпријатието.

**Трошоците за амортизација** во четвртиот квартал од 2021 година изнесуваат 5.913.457 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година претставува остварување од 21.50 проценти. Споредени со истиот период од минатата година, трошоците за амортизација се остварени за 12,87 проценти пониско.

Амортизација на материјални и нематеријални средства се врши согласно законската регулатива и сметководствените политики на претпријатието.

Во вкупните расходи трошоците за амортизација учествуваат со 8,00 проценти.

**Останатите трошоци од работењето** во четвртиот квартал од 2021 година се реализирани во вкупен износ од 5.573.126 денари, што во однос на Годишниот финансиски план за 2021 година претставува остварување од 30,11 проценти. Споредени со истиот период од минатата година, овие трошоци се остварени за 48,89 проценти повисоко.

Во вкупните расходи, останатите трошоци од работењето учествуваат со 7,53 проценти.

Оваа група ги опфаќа следните видови на трошоци:

- трошоци за дневници за службени патувања 536.669 денари;
- надоместоци за трошоци за вработените 114.732 денари;
- надоместоци на органи на управување и надзор 433.328 денари;
- трошоци за репрезентација 309.710 денари;
- трошоци за осигурување 1.830.289 денари;
- банкарски услуги и трошоци на платен промет 40.929 денари;
- даноци кои не зависат од резултатот, членарини и други давачки 167.114 денари;
- останати трошоци 2.140.355 денари.

Останатите трошоци од работењето опфаќаат 38,40% (2.140.355 денари) од групата, а се однесуваат на: трошоци за договор на дело (124.248 денари), трошоци за привремени вработувања (1.308.082 денари), адвокатски и нотарски услуги (499.198 денари), трошоци за едукација, сертификација и лиценцирање (197.229 денари) и трошоци за здравсвени прегледи (11.598 денари).

**Групата останати расходи** во последниот квартал од 2021 година, бележи вкупна фактурирана реализација во износ од 361.711 денари. Останатите расходи во вкупните расходи учествува со 0,49%, а се однесуваат на: трошоци за спорови, административни и судски такси (69.741 денари) и дополнително утврдени расходи од предходни години (291.970 денари).

**Финансиските расходи** во последниот квартал од 2021 година се остварени во вкупен износ од 75.922 денари. Истите, во вкупните расходи имаат незначително учество(0,10%), а се однесуваат на пресметани камати од работење со неповрзани субјекти.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈП НРД-СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.10-31.12.2021 ГОДИНА

| Сметка | Реализација 01.10-31.12.2020 г. | Финансиски план 2021г. | Реализација 01.10-31.12.2021 г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **40-Трошоци за суровини матерјал,енергија,резер. делови и ситен инвентар** | **15.600.085** | **53.110.680** | **28.882.228** | **54,38** | **85,14** |
| 401Трошоци за матерјали | 191.780 | 2.645.000 | 248.624 | 9,40 | 129,64 |
| 403 Трошоци за енергија | 8.171.270 | 38.400.000 | 28.490.911 | 74,19 | 348,67 |
| 405 Трошоци за резервни делови и матерјал | 7.034.549 | 9.060.680 | 78.693 | 0,86 | 1,12 |
| 408 Трошоци за ситен инвентар и автогуми | 202.486 | 3.005.000 | 64.000 | 2,12 | 31,60 |
| **41 Трошоци за услуги од тековни потреби** | **10.645.296** | **38.655.000** | **3.435.928** | **8,89** | **32,28** |
| 410 Транспортни услуги | 207.564 | 630.000 | 194.142 | 30,82 | 93,53 |
| 411 Поштенски, телефонски и интернет услуги | 258.140 | 2.940.000 | 645.210 | 21,95 | 249,95 |
| 412 Надворешни услуги | - | 225.000 | - | - | - |
| 413 Услуги на заштита и одржување | 8.166.755 | 30.780.000 | 1.447.801 | 4,70 | 17,72 |
| 414 Наемнини | 711.962 | 2.500.000 | 663.391 | 26,53 | 93,17 |
| 415 Комунални услуги | 509.764 | 1.220.000 | 405.965 | 33,28 | 79,63 |
| 419 Останати услуги | 791.163 | 360.000 | 79.419 | 22,06 | 10.03 |
| **42 -Плата и надоместоци од плата и останати трошоци на вработените** | **19.183.800** | **87.300.000** | **29.708.425** | **34,03** | **154,86** |
| 421Плата, надоместоци од плата-бруто | 18.916.986 | 84.300.000 | 26.658.847 | 31,62 | 140.93 |
| 422 Останати трошоци за вработените | 266.814 | 3.000.000 | 3.049.578 | 101.65 | 3,74 |
| **43-Трошоци за амортизација** | **6.786.975** | **35.333.334** | **5.913.457** | **21.50** | **87,13** |
| 432Трошоци за амортизација | 6.786.975 | 35.333.334 | 5.913.457 | 21.50 | 87,13 |
| **44 Останати трошоци од работењето** | **3.743.205** | **18.506.680** | **5.573.126** | **30,13** | **148,89** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 440 Трошоци за дневници за службени патувања | 26.250 | 1.570.000 | 536.669 | 34,18 | 2.044,45 |
| 441 Надоместоци за трошоци за вработените | 196.800 | 150.000 | 114.732 | 76,49 | 58,29 |
| 442 Трошоци за надомест на членови на управен и надзорен одбор | 419.994 | 1.805.680 | 433.328 | 24,00 | 103,17 |
| 444 Трошоци за репрезентација | 20.197 | 1.060.000 | 309.710 | 29,22 | 533,44 |
| 445 Трошоци за осигурување | 263.173 | 3.200.000 | 1.830.289 | 57,20 | 695,47 |
| 446 Банкарски услуги и трошоци на платен промет | 27.167 | 120.000 | 40.929 | 34,11 | 50,65 |
| 447 Даноци кои не зависат од резултатот членарини и други давачки | 161.538 | 1.770.000 | 167.114 | 9,44 | 103,45 |
| 449 Останатии трошоци од работењето | 2.394.086 | 8.831.000 | 2.140.355 | 24,24 | 89,40 |
| **46 - Останатии расходи** | **139.818** | **122.273** | **361.711** | **295,82** | **258,70** |
| 469 Останатии расходи од работењето | 139.818 | 122.273 | 361.711 | 295,82 | 258,70 |
| **47Финансиски расходи** | **16.881** | **25.000** | **75.922** | 449,74 | 303,69 |
| 474 Расходи врз основа на камати од работењето | 750 | 15.000 | 75.922 | 506,14 | 10.121,5 |
| 475 Расходи врз основа негативни курсни разлики | 16.131 | 10.000 | - | - | - |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **56.116.060** | **225.247.360** | **73.950.797** | **32,83** | **131,78** |

## 4. НЕМАТЕРЈАЛНИ И МАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА

Вкупната вредност на нематерјалните и матерјалните средства со состојба на 31.12.2021 година изнесува 505.453.434 денари.

Состојбата и промените на ревалоризираната набавна вредност на нематерјалните и матерјалните средства и нивната исправка на вредност, на ден 31.12.2021 година се прикажани во следнава табела:

| Група/сметка | Состојба 31.12.2021 |
|---|---|
| **НЕМАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА** | - |
| 003 Софтвер и останати права | 19.039.730 |
| 009 Акумулирана амортизација на нематерјални средства | -19.039.730 |
| **МАТЕРЈАЛНИ СРЕДСТВА** | **505.453.434** |
| 010 Земјиште | 218.891.094 |
| 011 Градежни објекти | 273.452.444 |
| 012 Постројки и опрема | 1.220.360.093 |
| 013 Алат,погонски и канцелариски матерјал,мебел и транспортни средства | 131.804.409 |
| 019 Акумулирана амортизација на матерјални средства | -1.339.054.605 |
| **Вкупно нематерјални и матерјални средства** | **505.453.434** |

## 5. СОСТОЈБА НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Парите и паричните еквиваленти ги вклучуваат депозитите на сметките (денарски и девизни ) и готовината во благајна. Вкупната вредност на парични средства на 31.12.2021година изнесува 182.708.574 денари.

Состојбата на паричните средста е прикажана во следнава табела:

| Сметка | Состојба 31.12.2021 |
|---|---|
| 100-Парични средства на трансакциски сметки | 182.056.331 |
| 102-Парични средства на благајна | 404.775 |
| 103-Девизни сметки | 424 |
| 108-Други парични средства-преодна сметка | 247.044 |
| **Вкупно парични средства и парични еквиваленти** | **182.708.574** |

## 6. СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈП НРД-Скопје

Вкупните ненаплатени побарувања на ЈП НРД-Скопје на 31.12.2021 година изнесуваат 13.685.710 денари.

Состојбата на вкупните побарувања на ден 31.12.2021 година е прикажана во следнава табела:

| Сметка | Сметка |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 120-Побарувања од купувачи во земјата | 439.006.460 |
| 125-Побарувања од казнени камати | 1.186.706 |
| 126-Сомнителни и спорни побарувања | 53.778.964 |
| 129- Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи | -480.817.310 |
| 143-Побарувања од вработените за аконтации за службени патувања | 68.917 |
| 145-Останати побарувања од вработените | 291.720 |
| 149-Вредносно усогласување на побарувања на поврзани субјекти | - |
| 151-Заеми на поврзани субјекти | 145.205 |
| 194-Платени зависни трошоци за набавка | 4.121 |
| 198-Останати однапред платени трошоци и пресметани приходи | 20.928 |
| **Вкупно** | **13.685.710** |

Ненаплатените побарувања од купувачите се однесуваат на следните видови побарувања:

- побарувања од купувачи во земјата 9.264.274 денари
- побарувања од купувачи спорни 1.504.448 денари
- побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) 428.237.738 денари
- побарувања од купувачи во стечајна постапка 1.261.251 денари
- побарувања од купувачи во судска постапка 51.696.384 денари
- сомнителни и спорни побарувања 109.113 денари
- застарени побарувања 712.216 денари
- побарувања од казнени камати 1.186.706 денари
- вредносно усогласување на побарувања од од купувачи 52.579.571 денари
- вредносно усогласување на побарувања основ на радиодифузна такса 428.237.739 денари

Вкупните ненаплатени **побарувања од вработените** на 31.12.2021 година, изнесуваат 360.636 денари. Истите, се однесуваат на: побарувања за аконтации за службени патувања ,патни сметки и побарувања од вработените за судски извршувања и казни.

**Ненаплатените останати побарувања,** на 31.12.2021 година се евидентирани во вкупен износ од 145.205 денари, а се однесуваат на побарувања од извршители.

**Платените трошоци за идни периоди и пресметани приходи** на крајот на 2021 година, изнесуваат 25.050 денари, а се однесуваат на платени зависни трошоци за набавка и однапред платени трошоци и пресметани приходи.

## 7. СОСТОЈБА НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈП НРД-СКОПЈЕ

Вкупните неизмирени краткорочни и долгорочни обврски на 31.12.2021 година изнесуваат 51.315.292 денари.
Состојбата на вкупните обврски на ЈП НРД е прикажана во следнава табела:

| **Опис** | **Состојба 31.12.2021** |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 220-Обврски кон добавувачите во земјата | 16.555.172 |
| 221-Обврски кон добавувачите во странство | 4.770.094 |
| 222-Обврски за примени аванси од купувачи | |
| 230- Обврски за данок на додадена вредност | 256.652 |
| 233- Обврски за данок на добивка | -5.113.218 |
| 234- Обврски за даноци и придонеси за плати | 15.738 |
| 235 -Обврски за персонален доход | 1.550 |
| 240-Обврски за плати и надоместоци на плата | 366.565 |
| 241- Обврски за надоместоци на вработените | 17.720 |
| 242-Останати обврски на вработените по К.договор | 58.290 |
| 249- Останати обврски на вработените | 408.486 |
| 250-Обврски спрема осигурителни друштва | 153.899 |
| 252 –Обврски спрема вршители на дејност | 151.891 |
| 253- Обврски за наемнини | 183.776 |
| 262-Краткорочни крдити и заеми | 9.999.698 |
| 279-Долгорочни резервирања | 1.061.248 |
| 290-Однапред пресметани трошоци | -416.594 |
| 294-Одложено признавање на приходи од државна подршка | 22.844.322 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **51.315.292** |

## 8. ЗАЛИХИ

Вкупните залихи на суровини, матерјали, резервни делови и ситен инвентар на 31.12.2021 година изнесуваат 62.510.782 денари .

Состојбата на залихите на суровини,матерјали, резервни делови и ситен инвентар на ден 31.12.2021 година, е прикажана во следнава табела:

| Сметка | Состојба 31.12.2021 |
|---|---|
| 310- Суровини и матерјали на залиха | 51.311.486 |
| 320 -Залиха на резервни делови | 897.336 |
| 350- Ситен инвентар на залиха | 10.370.648 |
| 351- Ситен инвентар во употреба | 7.027.070 |
| 352- Амбалажа и автогуми на залиха | 21.240 |
| 357- Вредносно усогласување на залихите на ситен инвентар | -7.117.000 |
| **Вкупно залихи на суровини, матерјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми** | **62.510.782** |

## 9. СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈП НРД-СКОПЈЕ

Вкупниот број на вработени во редовен работен однос со состојба на 31.12.2021 година изнесува 182 лица.

На почетокот на четвртиот квартал, бројот на вработени изнесувал 183 лица.

**Состојбата на вработените во ЈП НРД-СКОПЈЕ по квалификации**

| | ВСС | ВС | ССС | НСС | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 31.12.2021 | 47 | - | 123 | 12 | 182 |
| Структура | 25,82 | - | 67,59 | 6,59 | 100 |

**Управен одбор на**
**ЈП Национална радиодифузија Скопје**
**Претседател,**
**Дионис Танаскоски**